пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
Примено: Pranuar: 01.07
Орг. Един. Njësia org. 08 | Број Numri 75 | Прилог Pranoi | Вредност Vlera

УЖ-1.бр.453/2023

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и Рина Исени - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1019/2022 од 24.03.2023 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, на седницата одржана на ден 16.05.2025 година, донесе:

Архивски знак: Shenja arkivuese:
Рок на чување: Afati për ruajtje:
20 година viti Потпис Nënshkrimi

Р Е Ш Е Н И Е

По повод жалбата на тужителот Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, а по службена должност,

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1019/2022 од 24.03.2023 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно одлучување пред првостепениот суд.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1019/2022 од 24.03.2023 година, тужбата на тужителот Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-75 од 31.05.2022 година, ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи побиваната пресуда да се преиначи на начин што ќе се уважи тужбата на тужителот и оспореното решение ќе се поништи или првостепената пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување на првостепениот суд.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

По повод жалбата на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, а по службена должност Пресудата У-5.бр.1019/2022 од 24.03.2023 година, треба да се укине поради сторена суштествена повреда на одредбите од постапката.

Од списите по предметот произлегува дека од страна на Здружението на граѓани, Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје, на ден 24.02.2022 година,

до Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје поднел Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под број 03-1108/1, со кое побарал по емаил да му биде доставен електронски запис од следната информација„ Податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година во однос на име и презиме со лицето со кое се склучени, позицијата во акционерското друштво, датум на склучување, времетраење на договорот, месечен надомест (плата или друг вид на надомест), други предвидени бенефиции согласно договорот (бонуси, осигурување, отпремнина и сл) и копија од договорите, како и податоци за исплатените отпремнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година и тоа датум на исплатата, основата на исплатата, лицето на кое е извршена исплатата и висината на износот на отпремнината.

Постапувајќи по предметното барање, Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје во повторна постапка донел Решение бр.18-1108/6 од 26.04.2022 година, со кое целосно се одбива барањето за пристап до информации од јавен карактер, со оглед дека информациите кои се бараат се информации од членот 6 став 1 точка 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имајќи го во предвид резултатот од спроведениот Тест за штетност.

Незадоволен од првостепеното решение, на ден 10.05.2022 година, Здружението на граѓани, Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје, изјавил жалба против истото до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Постапувајќи по изјавената жалба тужениот орган донел Решение 08-75 од 31.05.2003 година, со кое ја уважил жалбата изјавена од Здружението на граѓани, Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје, го поништил Решението бр.18-1108/6 од 26.04.2022 година на АД Електрани на Северна Македонија и го задолжил имателот на информации да му ја достави бараната информација на Барателот на начин и во форма наведени во Барањето, со тоа што се задолжува имателот на информациите да го спроведе ова решение во рок од 15 дена од денот на приемот и за истото да ја извести Агенцијата.

Незадоволен од вака донесеното решение Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје со тужба пред Управниот суд повел управен спор.

Управниот суд постапувајќи по тужбата во повторна постапка донел Пресуда У-5.бр.1019/2022 од 24.03.2023 година, со која тужбата на тужителот Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-75 од 31.05.2022 година, ја одбил како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е незаконита.

Според член 70 став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019) суштествена повреда на одредбите на постапката постои кога Управниот суд во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон или на друг закон што ја регулира постапката, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна одлука.

Согласно член 20 од истиот Закон, право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законскиот рок.

Според став 21 став 1 од истиот Закон, државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, здружение или заедница на граѓани, кои немат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управната постапка.

Согласно член 32 став 1 точка 2 од истиот Закон, Судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека тужбата очигледно дека оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот.

Согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), кога второстепениот орган ќе утврди дека во првостепената постапка фактите се нецелосно или погрешно утврдени дека во постапката не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на работата, или дека диспозитивот на побиваниот управен акт е нејасен или е во противречност со образложението тој со свое решение ќе го поништи првостепениот управен акт и предметот ќе му го врати на првостепениот орган на повторна постапка. Во тој случај второстепениот орган е должен со своето решение да му укаже на првостепениот орган во кој поглед треба да се надополни постапката, а првостепениот орган е должен во сѝ да постапи по второстепениот управен акт и без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предметот, да донесе нов управен акт. Против новиот управен акт странката има право на жалба.

Вишиот управен суд имајќи ги во предвид напред цитираните законски одредби смета дека Управниот суд донел незаконита одлука, кога наместо да ја отфрли тужбата на тужителот како недозволена, истиот утфрдувал фактичка состојба и донел пресуда со која ја одбил тужбата како неоснована. Ова од причина што тужителот Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, не бил странка во управната постапка, туку бил првостепен орган, односно правно лице кое во конкретниот случај е имател на информациите, а кои Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК ги барал. Тужителот е органот кој одлучувал по предметното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, па оттаму тужителот не може да поведе управен спор против решение на тужениот орган - Агенцијата за

заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Самиот факт дека тужителот има процесна положба на орган е пречка Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, во истата правна работа да има и положба на странка, односно да биде тужител во управен спор. Дотолку повеќе што во членот 109 став 9 од Законот за општата управна постапка е предвидено како тужителот како првостепен орган треба да постапува во случај кога решението е поништено.

Од овие причини Вишиот управен суд најде дека обжалената пресуда на Управниот суд треба да се укине поради суштествена повреда на одредбите на постапката од член 70 став 2 од Законот за управните спорови и предметот да се врати на повторно одлучување пред Управниот суд.

При повторното постапување и одлучување, Управниот суд треба ги има во предвид укажувањата дадени од страна на овој суд, да ги отстрани недостатоците на постапката, односно да ја отстрани сторената суштествена повреда и согласно одредбите од Законот за управните спорови да донесе правилна и законита одлука.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 80 став 2 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 16.05.2025 година под УЖ-1.бр.453/2023.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски е.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник